**МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ**

**поранешна југословенска Република Македонија**

**Претседателски и локални избори, Втор круг, 5 април 2009 година**

## ИЗЈАВА ЗА ПРВИЧНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

**Скопје, 6 април 2009 година –** На покана на Министерството за надворешни работи, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР) воспостави Мисија за набљудување на изборите (МНИ) да ги набљудува претседателските и локалните избори на 22 март 2009 година во поранешната југословенска Република Македонија. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР остана да го набљудува и вториот круг на изборите. Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) назначи *ad hoc* Комисија за набљудување на претседателските избори и назначи нивен претставник да биде присутен за време на вториот круг.

Вториот круг од изборниот процес се проценува во однос на усогласеноста со заложбите и стандардите на ОБСЕ и Советот на Европа, како и со националното законодавство. Овој извештај треба да се разгледува заедно со изјавата за првичните наоди и заклучоци која беше објавена на 23 март, по првиот круг од гласањето, од страна на Меѓународната мисија за набљудување на изборите составена од ОБСЕ/ОДИХР, Парламентарното собрание на ОБСЕ, ПССЕ и Конгресот на Советот на Европа на локални и регионални власти. Конечната оценка за изборите ќе зависи, делумно, од спроведувањето на преостанатите фази од изборниот процес, вклучувајќи ги сумирањето, утврдувањето и објавувањето на резултатите, постапувањето по можните приговори и тужби, како и од спроведувањето на секој можен дополнителен круг од изборите. ОБСЕ/ОДИХР ќе издаде сеопфатен конечен извештај кој ќе ги вклучува и препораките за потенцијалните подобрувања, приближно два месеци по завршувањето на изборниот процес. Извештајот на ПССЕ во врска со претседателските избори ќе биде дискутиран во текот на неговото заседавање во април 2009 година.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР и делегацијата на ПССЕ сакаат да им се заблагодарат на властите за нивната соработка, и се подготвени да продолжат да ги поддржуваат нив и граѓанското општество во земјата во спроведувањето на демократските избори.

## ПРВИЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Вториот круг од претседателските и локалните избори на 5 април 2009 година ги исполни најголемиот дел од заложбите и стандардите на ОБСЕ и на Советот на Европа за демократски избори иако некои од проблемите кои беа идентификувани во текот на првиот круг, вклучително и веродостојни известувања за заплашување, продолжуваат да создаваат растечка загриженост. Денот на изборите повторно беше мирен и одразуваше понатамошно подобрување во спроведувањето на гласањето и броењето на гласовите.

Во кампањата за вториот круг, најголемиот дел од кандидатите и партиите ја изразија својата заложба за осигурување на мирни и демократски избори. Политичките активности, општо земено, беа од мал обем, со релативно малку јавни настани. Слободата на изразувањето и слободата на здружување, општо земено, беа почитувани. Се чини дека кандидатите употребуваа умерен јазик во нивните јавни изјави. Но и покрај тоа, ситуацијата во многу

општини каде кандидатите во градоначалничката трка беа блиску еден до друг со добиените гласови, беше затегната.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР прими зголемен број на загрижувачки и веродостојни известувања за вршење притисок или заплашување на граѓаните помеѓу двата круга од изборите, а што претставува сериозно намалување на севкупниот квалитет на изборниот процес. Речиси сите од наводните тврдења се однесуваа на дејствија преземени од страна на државни службеници и партиски активисти на владејачката партија. Напорите од страна на властите да се разреши овој проблем не беа доволни за да го доведат тоа прашање до разврска и да ја повратат довербата.

Некои од позитивните аспекти на изборниот процес кои се појавија помеѓу двата круга вклучуваа:

- Најголемиот дел од кандидатите се согласија дека првиот круг на изборите, општо земено, беше добро воден и ги прифатија резултатите од него;
- Државната изборна комисија (ДИК) објави детални изборни резултати на својата веб страница, сѐ до ниво на гласачки места, еден ден по денот од првиот круг на изборите;
- ДИК презема чекори за разрешување на некои од недостатоците кои беа забележани во првиот круг од изборите, со донесување на куси, практични упатства за работата на Општинските изборни комисии (ОИКи) и Избирачките одбори (ИО), со фокус на спречување на семејното гласање, како и со спроведување на дополнителни обуки;
- Медиумите, земени во целина, обезбедија разнолико покривање на претседателските и локалните избори, иако во помал степен отколку во првиот круг, со тоа одразувајќи го пониското ниво на активности на спроведување кампања. Имаше една телевизиска дебата помеѓу кандидатите за претседател, како и бројни дебати помеѓу кандидатите за градоначалници;
- Граѓанското општество повторно обезбеди значителен број на домашни непартиски набљудувачи;
- Намаленото, но видливо присуство на полицијата придонесе кон мирна атмосфера на денот на изборите.

Меѓутоа, беа забележани и следните дополнителни недостатоци:

- Барањето за излезност од 40% за вториот круг на претседателските избори продолжува да создава можност за неуспех на изборите во иднина.
- ДИК не ги реши приговорите во врска со првиот круг од изборите во рамките на законските рокови, со тоа одолговлекувајќи ги конечните резултати и усложнувајќи ги подготовките за вториот круг. Одлуките на ДИК во врска со приговорите не секогаш се чинеа конзистентни;
- Помеѓу двата круга, ДИК не секогаш функционираше во истиот дух на консензус како претходно во првиот круг, и одлучи по бројни прашања во врска со гласовите на начин кој се чини дека ги одразува интересите на политички партии;
- Останувaa загриженоста за точноста на Избирачкиот список, особено во врска со големиот број граѓани кои се во странство;
- Седниците на Управниот суд во врска со тужбите поврзани за изборите не беа отворени за јавноста, освен при објавувањето на содржината на тужбите, и покрај тоа што Изборниот законик предвидува постапување на јавни седници;

Севкупно земено, денот на изборите беше мирен и спокоен, без случаи на насилство или големи инциденти. ДИК процени дека излезноста на избирачите изнесува околу 42 проценти. Сè на сè, набљудувачите на ОБСЕ/ОДИХР и ПССЕ го оценија процесот на гласање позитивно во 97 проценти од посетените гласачки места, без некои значителни регионални варијации. Набљудувачите известија за помалку процедурални прекршувања отколку во првиот круг и само за изолирани случаи на сериозни прекршувања. Семејното гласање беше забележано во
13 проценти од посетените гласачки места, што е сеуште висок број, но забележливо намален во споредба со првиот круг. Броењето на гласовите беше позитивно оценето, со неколку исклучоци, иако имаше одреден број на процедурални неправилности. Случувањата во ОИК, севкупно земено, беа оценети позитивно. ДИК повторно на својата веб страница ги објави првичните резултати по гласачки места вечерта на изборите.

## ПРВИЧНИ НАОДИ

### Краток осврт

Според Изборниот законик, вториот круг на изборите за претседател и градоначалници мора да се одржи во рок од две недели, доколку ниеден од кандидатите не добие мнозинство гласови во првиот круг. Во вториот круг за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови доколку барем 40 проценти од запишаните избирачи излезат да гласаат. Во спротивно, целиот изборен процес мора да се повтори. За изборите за градоначалник нема барање за излезност во вториот круг.

Државната изборна комисија (ДИК) не ги објави целосните првични резултати од првиот круг во рамките на многу кусиот законски рок предвиден со Изборниот законик (Член135.1). ДИК одлучи да чека до крајот на постапката по приговори и тужби за да ги објави конечните резултати, а кои, заради одложувањата, беа објавени дури на 3 април. Меѓутоа, ДИК ги објави првичните резултати од изборите на својата веб страница, сè до ниво на гласачки места, на 23 март ден, ден по изборите.

Во првиот круг на претседателските избори, Ѓорге Иванов, кандидат на Внатрешната македонска револуционерна организација-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) и Љубомир Фрчкоски, кандидат на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) освоија најголем број гласови – 33.95 и 19.81 процент, соодветно - и заради тоа влегоа во вториот круг. Во првиот круг на 22 март беа избрани триесет и три кандидати за градоначалник, меѓу кои ВМРО-ДПМНЕ освои 23 општини, СДСМ четири, Демократската унија за интеграција на етничките Албанци (ДУИ) четири и Демократската партија на Турците и Движењето за национално единство на Турците – секоја по една општина. Во 43 општини и Градот Скопје на 5 април се одржа втор круг на гласање, бидејќи ниеден од кандидатите не го освои потребното мнозинство во првиот круг. Излезноста на гласачите во првиот круг беше околу 57 проценти. Резултатуте од првиот круг, општо земено, беа прифатени од кандидатите.

Понатаму, првиот круг од изборите за градоначалник и/или локалните избори се одржаа на 5 април во 124 гласачки места во различни делови од земјата. Од овие, 118 не беа во состојба да се отворат на 22 март заради големите снежни наноси и на шест беше поништено гласањето за време на процесот на одлучување по приговори. Согласно ДИК, бројот на

гласачите регистрирани за овие гласачки места не беше доволно голем за да влијае на резултатите од претседателските избори, но можеше да влијае врз резултатите од изборите за градоначалник и изборите на општински совети во 23 општини. Заради тоа, на 5 април во овие гласачки места се одржа прв круг на изборите едновремено со вториот круг на претседателските избори.

**Изборна администрација**

Помеѓу двата круга, ДИК превзема одредени напори за да ги разреши процедуралните проблеми и неправилности кои во текот на првиот круг беа забележани на ниво на Општинските изборни комисии (ОИКи) и Избирачки одбори (ИОи). Конкретно, ДИК донесе куси, практични упатства за работата на ОИКи и ИОи на денот на изборите, а кои содржат јасни насоки за спречување на семејното гласање и гласањето во име на друг. ДИК исто така, спроведе и дополнителни обуки за ОИКи, а ОИКи спроведоа обуки за ИОи. Овие чекори имаа цел да ги поправат недостатоците од првиот круг кои, општо земено, беа припишани на несоодветната обука, недоволните регулативи и недостигот од прецизни и јасни детални информации во Изборниот законик и Прирачникот на ДИК за обуки на избирачките тела.

ДИК ги заврши најголемиот дел од техничките подготовки за вториот круг на избори во рамките на пропишаната временска рамка, иако во некои случаи без следење на потребните процедури. На пример, ДИК формално одлучи за дизајнот и карактеристиките на гласачкото ливче за вториот круг дури доцна на 30 март. Меѓутоа, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа дека гласачките ливчиња веќе беа печатени на 28 март.

Голем дел од фокусот на ДИК помеѓу двата круга беше насочен кон приговорите поврзани со изборите (види го делот за Приговори и тужби подолу во текстот). ДИК не успеа да се справи со големиот обем на приговори во рамките на пропишаниот рок, со тоа одолжувајќи го финализирањето на резултатите и техничките подготовки за вториот круг. Во својата работа ДИК не секогаш работеше во истиот дух на колегијалност и консензус како и во првиот круг. Многу од одлуките се донесоа со поделени гласови, а што понекогаш се чини дека ги одразуваше партиските интереси. ДИК не усвои ниеден приговор од помалите партии кои немаат номинирани членови во ДИК.

Загриженоста за точноста на Избирачкиот список се заостри  во вториот круг, особено во врска со наводниот голем број на граѓани кои се во странство а чии имиња се на избирачкиот список. Многу од соговорниците изразија загриженост дека тоа потенцијално може да биде предмет на манипулација, особено за да се достигне потребната излезност од 40 проценти во вториот круг, за претседателските избори да бидат валидни. Во текот на првиот круг на гласање, набљудувачите на ММНИ забележаа серија на навидум идентични потписи во 19 гласачки места во текот на гласањето, и кај четири во текот на броењето на гласовите. Во вториот круг, набљудувачите на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР забележаа еден таков случај.

**Атмосфера на кампањата**

Активностите на кампања на најголемиот дел од кандидатите во периодот помеѓу двата круга беа од мал обем, со мал број на јавни настани и со ниеден голем митинг какви што имаше во првиот круг. Политичите партии и кандидатите за градоначалник се концентрираа на помалку видливи активности како што е вршење кампања од врата до врата. Владејачката партија, ВМРО-ДПМНЕ, беше до одреден степен исклучок од овој тренд во своите кампањи за градоначалници, бидејќи службеници од високо ниво и министри во владата посетуваа

различни делови од земјата во поддршка на партиските кандидати. Спротивно на останатите партии, се појавија и нови билборди на ВМРО-ДПМНЕ во главниот град по првиот круг, на кои се претставуваат Премиерот и кандидатите за градоначалник.

Локалните избори и прашања продолжија да доминираат на агендата на кампањата дури и со зголемен профил. Со помалку избори во тек, политичките партии ги насочија постратешки своите напори на оние места каде резулатите беа блиски еден до друг. Понекогаш ова внимание се чини дека се изедначуваше со притисок од партиски активисти со цел да ’осигураат гласови’ во конкретно село или населба.

Помеѓу двата круга, најголемиот дел од кандидатите и лидерите на политичките партии изразија понатамошна јавна заложба за осигурување на мирна и спокојна кампања. Немаше сериозни случаи на насилство кое директно е поврзано за изборите. Меѓутоа, други инциденти, како судир на демонстранти на главниот плоштад во Скопје во врска со плановите за изградба на црква, и тепачки меѓу студентите од различни етнички групи во училиште во Струга, главно беа прикажувани во медиумите и се претворија во прашања по кои се спротивставуваат кандидатите и партиите на национално ниво. Иако постоеја напори да се одржи кампањата во мирна атмосфера во некои општини каде освоените гласови од страна на кандидатите беа блиски еден до друг, на пример во Струга, Охрид, Демир Хисар, Македонски Брод, Гостивар, Берово и Петровец имаше високи тензии.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР прими зголемен број на загрижувачки известувања за вршење притисок или заплашување на граѓаните во врска со тесната изборна трка во многу делови од земјата. Најголем дел од наводите беа насочени кон државни службеници и политички активисти на владејачката партија, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР ги следеше овие известувања и најде дека многу од нив се веродостојни. Се чини дека вработените од јавниот сектор се особено ранливи на закани дека нивните работни места ќе бидат загрозени доколку не ја поддржат владејачката партија; таквите тврдења беа поврзани со политизацијата на јавната служба. Други чести наводни тврдења вклучуваа закани дека социјалните услуги или пензии ќе им бидат одземени на оние кои не ја поддржуваат владејачката партија и дека бизнисите ќе подлежат на даночни инспекции, доколку нивните сопственици не ја поддржуваат партијата. Овие тековни наводни тврдења придонесоа кон понатамошен недостиг на доверба кај многу граѓани во врска со тоа дека можат да ги дадат своите гласови слободни и без страв од реваншизам. Иако Премиерот јавно говореше против вршење притисок и заплашување, неговите напори не беа доволни за да се затвори тоа прашање и да се поврати јавната доверба.

Министерството за внатрешни работи извести дека разгледува три случаи на наводни заплашувања поврзани со изборите во периодот помеѓу двата круга, вклучително и извештај за тоа дека специјалната мобилна полициска единица им се заканувала на селаните во општината Петровец. Меѓутоа, постојат и веродостојни тврдења за тоа дека полицијата зела активна улога во кампањата во поддршка на владејачката партија, на пример во Штип и Демир Хисар. Планот за распоредување на полицијата за вториот круг се основа на и е сличен со планот кој успешно беше употребен во првиот круг.

## Медиуми

Севкупно земено, медиумите обезбедија разнолико покривање на претседателските и локалните избори. Меѓутоа, како одраз на ниското ниво на активности на вршење кампања во текот на вториот круг, ова покривање беше помалку опсежно отколку во периодот за

кампања пред првиот круг. Во периодот помеѓу двата круга платените спотови за кампања беа ретки. Националните медиуми покриваа активности на вршење кампања главно во нивните програми на вести. Помеѓу двата круга се одржа една телевизиска дебата помеѓу претседателските кандидати која во два наврата се емитуваше на МТВ1. Три национални ТВ станици и неколку локални станици организираа дебати помеѓу кандидатите за градоначалник. Меѓутоа, дел од напорите на другите медиуми да организираат дебати не успеја кога кандидатите одбија да учествуваат.

И додека правилата на Советот за радиодифузија (СР) за покривање на кампањата не конкретизираат како времето во информативните програми треба да биде дистрибуирано меѓу кандидатите во вториот круг, СР ѝ кажа на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека медиумите треба да го почитуваат принципот на еднаквост. СР ги објави првичните резултати од својот мониторинг на медиумите за нивното покривање на кандидатите во текот на првиот круг, а кои, општо земено, беа на иста линија со наодите од мониторингот на медиумите на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР.

Најголемиот дел од медимуте кои беа мониторирани од страна на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дадоа најголем дел од своето време на вести за ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, кои имаа повеќе кандидати во вториот круг од останатите партии. Меѓутоа, тенденцијата на некои медиуми да се фокусира на овие партии резултираше во определено лимитирани покривање на останатите кандидати, на пример на ДУИ.

Во своето покривање во рамките на вестите на активностите на кандидатите, партиите и останатите политички актери, јавниот ТВ канал МТВ1 даде 37 проценти од времето на ВМРО-ДПМНЕ и 22 проценти на СДСМ Јавниот ТВ канал МТВ2 кој главно емитува на албански јазик, даде 26 проценти од покривањето во вестите на ДУИ и 12 проценти на СДСМ и 11 проценти за ВМРО-ДПМНЕ. Сите приватни ТВ канали дадоа поголеми делови од времето на ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ. Севкупно земено, дситрибуцијата на време во информативните програми кај сите партии и кандидати беше релативно балансирана на Алсат-М и А1, иако последната покажа пристрасност во прилог на кандидатот за градоначалник на Партијата за европска иднина (ПЕИ) во Струга.

Кандидатот за претседател на СДСМ доби повеќе покривање отколку неговиот противник од ВМРО-ДПМНЕ во речиси сите мониторирани медиуми, во голема мера заради помалку видливата кампања на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Приговори и тужби**

Прекршочните постапки иницирани од ДИК и СР пред надлежните судови во врска со вршењето кампања пред официјалниот почеток на периодот за кампања во првиот круг не беа завршени пред почетокот на вториот круг на изборите. Најголемиот дел од судските рочишта беа постојано одложувани, што резултираше во понатамошни одложувања во спроведувањето на изборните правила и не даде ефикасни правни лекови за обвинетите. Помеѓу двата круга, СР иницираше дополнителни прекршочни постапки.

На 22 март, денот на изборите во првиот круг, ДИК прими четири приговори поднесени од страна на избирачи во врска со нивното право на гласање од кои сите беа разрешени во рамките на законскиот рок. По денот на изборите, ДИК прими 82 приговори поднесени од страна на подносителите на листи во врска со првиот круг. ДИК не ги разреши сите приговори во рамките на законскиот рок. Донесувањето одлуки од страна на ДИК по

приговори продожи до 30 март; па на таков начин Управниот суд не можеше да го одржи своето конечно постапување по тужбите на одлуките на ДИК сè до 1 април.

Сите формални седници на ДИК беа отворени за јавноста и овластените претставници на подносителите на листите беа во можност да ги изложат наводите истакнати во приговорите. ДИК не изврши проверка на целиот изборен материјал од гласачките места истакнати во приговорите, и наместо тоа ги заснова своите одлуки, главно врз записниците на ИО. Во неколку случаи, ДИК побара целиот изборен материјал да се донесе во Скопје и да биде проверен, вклучувајќи ги тука и гласачките ливчиња. Се чини дека ДИК тесно ја има протолкувано својата законска обврска да решава по приговорите врз основа на проверка на изборниот материјал (член 31.2.35 од Изборниот законик). Во најголемиот дел од случаите ДИК одлучи дека нема да прифати приговор, доколку не е внесена забелешка од овластен претставник на партијата во записникот со резултати на ИО, иако не постои законски услов за тоа.

Имаше неколку недоследности во одлуките на ДИК за тоа дали да изврши проверка на целиот изборен материјал или не. На пример, три гласачки места во општина Долнени беа поништени на 28 март, откако ДИК ги преброја гласачките ливчиња во овие гласачки места за локалните избори и утврди дека бројот на гласачки ливчиња го надминува бројот на потписи на избирачкиот список. Меѓутоа, ДИК ги прегледа записниците со резултати за општинскиот совет, но гласаше – по партиска линија – против повторно броење и против поништување, иако беа утврдени токму истите разлики како и за изборите за градоначалник.

ДИК одби приговор поднесен од страна на Партијата за целосна еманципација на Ромите, чие лого на гласачкото ливче за избор на совет во четири општини беше погрешно заменето со логото на другата партија на Ромите, тврдејќи дека печатницата има направено грешка. Меѓутоа, согласно Изборниот законик ДИК е одговорна за утврдување на конечниот изглед на гласачките ливчиња.

ДИК усвои само осум од 82 приговори кои ги доби (еден поднесен од страна на ДУИ, три од страна на ВМРО-ДПМНЕ и четири од страна на СДСМ) од кои шест резултираа со поништување на резултатите од гласачките места за локалните избори. Еден од приговорите усвоени од страна на ДИК вклучуваше пребројување на гласачките ливчиња за општински совети во 19 гласачки места во Тетово, каде беа направени незаконски корекции на записниците на ИО. Како резултат на преборјувањето, распределбата на мандатите во општинскиот совет на Тетово се промени.

Управниот суд доби 52 тужби против одлуките на ДИК. И покрај законското барање тој да одлучува на јавни седници (Член 150.1 од Изборниот законик), седниците на судот беа отворени за јавноста само при објавувањето на содржината на тужбите. Проверката на изборниот материјал, работењето и одлучувањето не се случија на јавна седница. Судот ги објави своите одлуки на својата веб страна. Сите 52 тужби беа одбиени.

**Учество на етничките задници**

Од 33 кандидати за градоначалници од помалите етнички заедници, два победија во првиот круг; други седум кандидати продолжија во вториот круг. Тие главно припаѓаат на партиите кои ги застапуваат нивните соодветни етнички групи. Меѓутоа, пред вториот круг, во некои општини кандидатите за градоначалници се обидоа да создадат сојузи помеѓу различни етнички групи. Во општината Шуто Оризари, каде обата кандидата во вториот круг

припаѓаат на иста етничка заедница, кампањата помеѓу дваата круга беше обележана со високи тензии, и со барем еден случај каде полицијата испрашуваше партиски активисти во врска со наводи за купување гласови. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР слушна за тврдења за купување гласови кај заедниците на етничките Роми, но не посведочи ниеден таков случај.

**Учество на жените**

Единствената жена кандидат за претседател не влезе во вториот кург. Понатаму, ниедна од 13 жени кандидати за градоначалник не победи во првиот круг ниту продолжи во вториот круг. Како последица од тоа нема да има жени градоначалници; на локалните избори во 2000 и во 2005 година три жени беа избрани за градоначалници. Како и во првиот круг, прашањата кои се од особен интерес за жените не беа доволно застапени во кампањата или во медиумите.

Неколку соговорници, вклучително од политички партии и граѓанското општество, ѝ тврдеа на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека биле вршени различни видови на притисок врз некои женски кандидати за општински советници, вклучително особено кај помалку образованите жени од малцинските заедници, да се откажат од нивните мандати во прилог на машките кандидати.

**Домашни набљудувачи**

Како и во првиот круг, најголемата домашна непартиска набљудувачка група беше МОСТ, која изјави дека распредели 3,750 набљудувачи за вториот круг на гласање. МОСТ повторно изведе вежба на паралелно сумирање на гласовите за претседателските избори и изборите за градоначалник на градот Скопје. На 5 април, домашните непартиски набљудувачи беа присутни во 76 проценти од гласачките места посетени од страна на набљудувачите на ОБСЕ/ОДИХР и ПССЕ. Покрај тоа, политичките партии и кандидати имаа свои овластени претставници кои беа присутни во 93 проценти од гласачките места кои беа посетени на денот на изборите.

**Денот на изборите**

Како и во првиот круг на изборите, денот на изборите, севкупно земено, беше мирен, уреден и спокоен, а беа забележани многу малку случаи на посериозни проблеми. За многу работи оценките на набљудувачите на ОБСЕ/ОДИХР и ПССЕ беа попозитивни отколку во првиот круг. Според првичните резултати објавени од ДИК, излезноста беше околу 42 проценти. Согласно првичните податоци на ДИК повеќе од пет проценти од гласачки ливчиња за претседателските избори беа неважечки. ДИК започна со објавувањето и поставувањето на својата веб страница на првичните резултати од претседателските и локалните избори до ниво на гласачко место ноќта на изборите.

Отворањето на гласачките места беше позитивно оценето од страна на најголемиот дел од набљудувачите, иако повторно беа забележани некои проблеми во однос на евидентирањето на серискиот број на сигурносните пластични ленти на гласачките кутии.

Процесот на гласање беше оценет како добар или многу добар во 97 проценти од посетените гласачки места – подобрување во однос на првиот круг – и беше опишан како, севкупно земено, добро организиран, мирен и уреден. Немаше значителни регионални варијации во оценката. Како и во првиот круг, не беше известено за случаи на насилство или поголеми инциденти, но беа евидентни тензии во неколку места, особено онаму каде гласовите дадени

за кандидатите за градоначалници беа блиски. Имаше известувања дека во некои општини значително поголем број на болни или немоќни лица гласаа во вториот круг еден ден пред денот на изборите. Полицијата, општо земено беше добро организирана и дискретна.

И покрај севкупната позитивна оценка, беа забележани бројни процедурални прекршувања, но сепак во помала мера отколку на 22 март. Случаи на семејно гласање беа забележани во 13 проценти од гласачките места, сеуште висок процент но значително помал отколку пред две недели. Семејното гласање повторно беше пораспространето во областите каде живеат етнички Албанци (23 проценти, споредено со 7 проценти во остатокот од земјата). Беа забележани два случаја на полнење на гласачки кутии, во Гостивар и Сопиште. Други проблеми кои беа забележани вклучуваа: исто лице да им "помага" на бројни избирачи (16 случаи), обиди да се влијае врз избирачите (15 случаи), гласање во име на друг (12 случаи), заплашување на изборните службеници или избирачите (три случаи), повеќекратно гласање (три случаи). Во 3 проценти од гласачките места кои беа посетени, гласачките кутии не беа соодветно запечатени. Во 6 проценти тајноста на гласањето не беше осигурана, главно заради лошиот распоред на гласачкото место или заради недостиг од простор, а беше известено и за два случаја на лица кои фотографираат гласачки ливчиња по гласањето. Не секогаш се почитуваа процедурите за нанесување на мастило. Во помалку од 1 проценти на посетените гласачки места беше забележано присутво на неовластени лица, а во само еден случај мешање на такво лице.

Броењето на гласовите беше оценето позитивно во најголем дел од гласачките места кои беа набљудувани. Меѓутоа, исто како и во првиот круг, набљудувачите известуваа дека основните процедури за порамнување честопати не беа следени, особено пред отворањето на гласачките кутии. На два пати се забележаа посериозни неправилности. Во повеќе од половина од гласачките места каде беше набљудувано броењето, ИО не објави примероци од записниците со резултатите за информирање на јавноста.

Набљудувачите на ОБСЕ/ОДИХР следеа дел од сумирање на резултатите во 47 од 84 ОИКи, давајќи им на сите позитивна оценка освен на една ОИК (Тетово). Како и во првиот круг беа забележани неколку проблеми со транспарентноста, главно во врска со можноста на набљудувачите да го набљудуваат внесувањето на податоците од резултатите.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

ОБСЕ/ОДИХР Мисијата за набљудување на изборите беше отворена во Скопје на 13 февруари со 39 експерти и долгорочни набљудувачи распоредени во Скопје и 11 регионални центри. За првиот круг од изборите на 22 март, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) и Конгресот на Советот на Европа на локални и регионални власти ѝ се придружија на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР во Меѓународна мисија за набљудување на изборите. За вториот круг МНИ на ОБСЕ/ОДИХР ангажираше 132 краткорочни набљудувачи. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР набљудуваше гласање во преку 750 гласачки места од вкупно 2,976, и броењето на гласовите во 61 гласачки места. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР исто така го следеше процесот во 39 ОИКи. Г-н Питер Ајкер е Шеф на Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР.

ПССЕ изведе предизборна посета во текот на периодот од 26-27 февруари 2009 година. За првиот круг од изборите ПССЕ назначи *ad hoc* Комисија составена од 14 члена. За вториот круг на изборите ПССЕ беше претставено од страна на Јорген Поулсен, член на Собранието.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР и ПССЕ ја изразуваат својата благодарност до властите на поранешна југословенска Република Македонија за поканата да ги набљудува изборите, на Државната изборна комисија за нејзината постојана соработка и за обезбедување на документацијата за акредитација, на Министерството за надворешни работи и на другите државни и локални власти за нивната помош и соработка. МНИ на ОБСЕ/ОДИХ и ПССЕ ја изразуваат својата благодарност на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје и на другите меѓународни организации за нивната соработка и поддршка.

За повеќе информации, контактирајте со:

- Г-дин Питер Ајкер, шеф на ОБСЕ/ОДИХР НМИ, во Скопје (+389–2–320 4777);
- Томас Рајмер, ОБСЕ/ОДИХР , мобилен телефон: (+48 609 522266); или Г-дин Дру Хислоп, ОБСЕ/ОДИХР Советник за избори, во Варшава (+48–22–520 0600);
- Артемиј Карпенко, Парламентарно собрание на Советот на Европа, мобилен телефон: (+33 671 152911).

**Адреса на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР МНИ:**
ул. Македонија 9–11, 2 спрат
1000 Скопје
Тел: +389–2–320 4777
Факс: +389–2–320 4773
Email: office@odihr.org.mk